Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 5, 25 февруари 2008 година

февруари 2008
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област сметководство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област џез-ударни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот„Гоце Делчев” – Штип ..... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област флејта на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 13

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област обоа на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 16

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област контрабас и бас гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно подрачје филозофија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип ..... 21

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Со Решение бр.0210-67/2 од 29 јануари 2008 год. од Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област сметководство, во врска со распишаниот конкурс во дневниот весник „Нова Македонија" од 20 декември 2007 година, и тоа: проф. д-р Трајче Мицески (претседател), доц. д-р Ристо Фотов (член) и доц. д-р Круме Николоски (член).

По разгледување на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 133 од Законот за високо образование и чл.131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Рецензентската комисија го презентира следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот конкурс за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област сметководство во дневниот весник „Нова Македонија" од 20 декември 2007 година, се пријави кандидатката д-р Снежана Каракашева-Ангеловска. Врз основа на пријавата за конкурсот и останатите потребни документи што ги приложи кандидатката, Рецензентската комисија го констатира следното:

Согласно условите предвидени во член 133 од Законот за високо образование, Рецензентската комисија смета дека кандидатката д-р Снежана Каракашева-Ангеловска ги исполнува условите предвидени со член 133 од Законот за високо образование.

***Биографски податоци***

**Д-р Снежана Каракашева-Ангеловска** е родена на 9 март 1962 година во Скопје, Република Македонија. Дипломира на Економскиот факултет во Скопје во 1985 година.

Во учебната 1999/2000 година се запишува на постдипломски студии на Економскиот факултет во Скопје, на насоката Сметководство и ревизија.

Магистрира на Економскиот факултет во Скопје на 17 јуни 2002 година, на тема со наслов „Данокот на добивка во современите фискални системи, со посебен осврт на даночниот систем во Република Македонија", со што се стекнува со академски степен магистер на економски науки од областа на сметководство и ревизија.

Докторира на Економскиот факултет во Скопје во 2007 година, на тема „Импликациите на данокот на добивка врз развојот на даночните системи на некои од земјите-членки на Европската унија со компаративна анализа на даночниот систем во Република Македонија".

Во своето долгогодишно искуство целосно се препушта на работата од областа на сметководството. Првин се вработува во претпријатието „Економски центар" во Скопје, специјализирано претпријатие за економски консалтинг, посебно во областа на сметководството. Во оваа куќа работи во областа на издавачката дејност, каде подготвува и пишува едиции од областа на сметководството и одржува предавања на организирани стручни советувања од оваа област.

Резултатите од долгогодишната работа и искуството на д-р Снежана Каракашева-Ангеловска се сублимирани во *Прирачник за сметководители* во издание на „Економски центар" - Скопје во 1995 година, каде најраскошно го претставува знаењето и умеењето од областа на стручната јавност, пренесувајќи им ги искуствата на лицата кои работат на оваа проблематика за побрзо и поефикасно да ги извршуваат своите задачи, како и нудење на практични решенија за примена на законските одредби од оваа област.

Денес, со формирањето на сопствена консалтинг куќа „Бизнис консалтинг"– Скопје, своето практично знаење го применува работејќи во областа на финансии и сметководство, ревизија и даноци. Во својата фирма, покрај стручната активност од делокругот на сметководството и финансиите, како и ревизија и даноци, таа врши функција на генерален менаџер и главен консултант од областа на економијата.

Има учествувано на многу научни собири и семинари.

Успешно се користи со алатките на Microsoft office, пред сè, Word и Excel.

Од странските јазици го познава англискиот јазик и има скромни познавања од германскиот јазик.

Автор е на 10 објавени научни и стручни трудови.

***Наставно-научна активност***

Во продолжение е презентиран списокот на приложените трудови до комисијата од страна на кандидатката д-р Снежана Каракашева-Ангеловска:

1. *Прирачник за сметководители,* Економски центар, Скопје, 1995 година (уредник);
2. *Пресметка на данокот и придонесите од добивката по полугодишна и годишна пресметка,* Стручно списание за сметководствени и правни работи, Економски советник, Економски центар - Скопје, 1993-1996 година;
3. *Пресметка на данокот и придонесите од добивката по полугодишна и годишна пресметка*, Стручно списание за сметководствени и правни работи, Економски советник - Скопје, 1996-2001;
4. Главен и одговорен уредник и автор на натписите во *Билтен за економско-правни работи* од 1999 до 2002 година, Економски советник-Скопје;
5. *Сметководствен аспект на дневниците за службено патување во странство (со практични примери за книжења),* Билтен за економско-правни работи, бр. 12/1996, Економски советник - Скопје;
6. Главен и одговорен уредник и автор на натписите во *Билтен за бизнис* и *Водич за бизнис* од 2002 година до денес, Бизнис консалтинг - Скопје;
7. *Изготвување на годишната сметка за сите правни субјекти (со практично пополнување на годишна сметка),* стручно списание за сметководство *Водич за бизнис*, Бизнис консалтинг - Скопје, 2002 година;
8. *Даночен биланс по годишна сметка,* стручно списание за сметководство *Водич за бизнис*, Бизнис консалтинг - Скопје, 2003 година;
9. Написи од сметководствена проблематика со практични решенија (книжења) - месечно стручно списание за сметководствени, даночни и правни работи *Билтен за бизнис*, Бизнис консалтинг - Скопје од 2004 година;
10. Написи од сметководствена проблематика со практични решенија (книжења) - месечно стручно списание за сметководствени, даночни и правни работи *Билтен за бизнис*, Бизнис консалтинг - Скопје од 2005 година;
11. Написи од сметководствена проблематика со практични решенија (книжења) - месечно стручно списание за сметководствени, даночни и правни работи *Билтен за бизнис*, Бизнис консалтинг - Скопје од 2006 година;

12. Написи со финансиска сметководствена тема (практични решенија), со даночна тема и фискална политика, Економски билтени и списанија, Скопје, 1993-2006 година;
13. Написи од сметководствена проблематика со практични решенија (книжења) - месечно стручно списание за сметководствени, даночни и правни работи *Билтен за бизнис*, Бизнис консалтинг - Скопје од 2007 година.

Во оваа пригода ќе презентираме само дел од приложените трудови кои се во врска со научната област за која се конкурира.

***Анализа и оценка на трудовите***

Разгледувајќи ги трудовите и потребата од натамошен развој на научната и стручната активност на кандидатката, комисијата се определила да изврши анализа само на дел од обемниот опус на трудови кои ги има објавено досега. Комисијата се определи да анализира дел од објавените трудови, како од научно-стручно ниво, така и од аспект на нивната актуелност. Притоа, посебно заслужуваат да се потенцираат трудовите под редните броеви: 1, 8, 9 и 13, наведени во списокот на објавени трудови, заради што ја даваме и нивната кратка содржина.

*1. Прирачник за сметководители, 1995 година (уредник)*

Авторите Снежана Каракашева-Ангеловска, дипл. економист, и Цветко Тошески, дипл.економист, подготвиле *Прирачник за сметководители* во согасност со одредбите на Законот за сметководство („Сл. весник на РМ" бр.42/93 и 48/93) и *Правилникот за содржината на конта во контниот план* („Сл. весник на РМ" бр. 13/94), истовремено опфаќајќи ја поширокатa материја за водење на книговодствена евиденција и изготвување на пресметки.

Посебно треба да се забележи дека прирачникот се одликува со голем број на практични примери за секое конто, со цел да им се помогне на лицата кои работат на сметководствената евиденција побрзо и поефикасно да ги вршат своите работни активности.

Покрај тоа што во трудот се дава образложение и начин на книжење по контата на 99. групи во рамките на 9. класи, исто така се дава и образложение за изготвување на полугодишни и годишни пресметки, за тоа кој е обврзан да ги изработува тие пресметки, за претпријатија и деловните единици кои немаат обврска да составуваат пресметки, за роковите за поднесување на пресметки, како и за другите сметководствени активности во согласност со важечките прописи.

Впрочем, трудот кој е напишан на 340 страници претставува прирачник за сите лица коишто работат на сметководствено-финансиски служби во сите правни субјекти, а особено е потребен за оние кои изготвуваат полугодишни и годишни пресметки.

Вложениот труд и познавањето на обработената проблематика на авторите им овозможило да изготват прирачник за сметководители, достапен и разбирлив за сите лица од областа, како и за други лица: ученици, студенти и други заинтересирани кои сакаат да ја осознаат оваа проблематика, како и техниката на книжење.

*8. Бизнис консалтинг – Водич за бизнис за 2003 година*

Трудот, практично, разработува како треба да се сочинува годишна сметка и финансиски извештај. Притоа дава објаснување за сметководствениот и даночниот аспект на разликите утврдени со пописот за соодветната година (во случајов за 2006 година), ја дава годишната пријава за данок на додадена вредност за периодот од 1 јануари до 31 декември 2002 година (годишна ДДВ-04 пријава), понатаму го разработува прашањето на пресметката на ревалоризацијата за 2002 година, како и проценување на билансните позиции (притоа земајќи го предвид утврдувањето на приходите во 2002 година, третманот на расходите во текот на наведената година и, конечно, искажување на финансискиот резултат од работењето - добивка или загуба и негова распределба за таа година).

Во трудот се даваат објаснувања за биланс на состојба и биланс на успех за мали, средни и големи субјекти, за даночниот биланс за 2002 година, како и примери за изготвување на годишна сметка за трговци-поединци и конечно се дава начин на изготвување на годишна сметка за други економско-правни субјекти. Трудот изобилува со прилози во кои се наведени прописите кои се неопходни при изготвување на годишната сметка. Практично, трудот, кој е во обем од 271 страница, претставува систематско образложение и објаснување на начинот на составување и изготвување на годишна сметка, што ќе им послужи на сите што работат на сметководствено финансиски работи кај економско-правните субјекти во изготвување на годишната сметка за 2002 година. Авторката има вложено исклучително голем труд и знаење од областа на сметководствено-финансиската сфера.

*9. Бизнис консалтинг – водич за бизнис за 2004 година*

Во овој труд авторката прави успешен обид да ни претстави редослед во постапка за отпочнување со изготвување на годишна сметка. Притоа ги наведува прописите кои треба да се имаат предвид при изготвување на годишна сметка. Авторката упатува на неопходните прописи и подзаконски акти кои треба да се имаат предвид при изготвување на годишната сметка за 2003 година, а притоа не испуштајќи ги пропишаните обрасци и соодветни одлуки кои се неодминливи во изготвување на годишната сметка. Исто така, авторката не заборава да потсети на примената на меѓународните сметководствени стандарди кои имаат соодветна примена во изготвувањето на годишната сметка и се неодминлив декор во т.н. неодминлива хармонизација на правната легислатива со таа на европската легислатива. Со својата прецизност, авторката упатува на потребата од претпочитување на основната и дозволена алтернативна постапка, според која ревалоризациите треба да се спроведуваат со доследна редовност, така што сметководствената вредност нема да се разликува многу од онаа што би се утврдила користејќи ја објективната вредност на денот на сочинување на билансот на состојбата. Во трудот се даваат насоки за примена на Меѓународниот сметководствен стандард МСС 22, кој се однесува на деловните спојувања, обратни стекнувања, здружување на интереси, притоа давање објаснување за сметководство на стекнување (ден на стекнување, трошоци на стекнување, признавање на средства и обврски кои можат да се идентификуваат, алокација на трошоците за стекнување, гудвил кој произлегува од стекнувањето). Во трудот „*Бизнис консалтинг – водич за бизнис 2004 година*" авторката ги дава неопходните прописи и подзаконски акти (уредба за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, номенклатура на средствата за амортизација и годишни стапки на амортизација за целите на оданочувањето. Несомнено, авторката во дефинитивното концепирање на овој труд покажува висок степен на мошне солидно познавање на проблематиката која ја третира, што се гледа од разработката и објаснувањето што го нуди во врска со Меѓународниот сметководствен стандард МСС 2- за резерви, Меѓународниот

сметководствен стандард МСС 21, со кој се третираат ефектите од промените на курсевите на странските валути и Меѓународниот сметководствен стандард МСС 7- преглед на паричните текови и сл.

*13. Бизнис консалтинг – водич за бизнис за 2007 година*

Трудот, практично, разработува како треба да се сочинува годишна сметка и финансиски извештај. Притоа дава објаснување за сметководствениот и даночниот аспект на разликите утврдени со пописот за соодветната година (во случајов за 2006 година). Понатаму го разработува прашањето на пресметката на амортизацијата за 2006 година, годишната ревалоризација за 2006 година, како и проценување на билансните позиции (притоа земајќи го предвид утврдувањето на приходите во 2006 година, третманот на расходите во текот на наведената година и, конечно, искажување на финансискиот резултат за таа година).

Во трудот се даваат објаснувања за билансните шеми (биланс на состојба и биланс на успех за мали, средни и големи субјекти), за даночниот биланс, како и примери за изготвување на годишна сметка за трговци-поединци и, конечно, се дава начин на изготвување на годишна сметка за непрофитни организации. Трудот изобилува со прилози во кои се наведени прописите кои се неопходни при изготвување на годишната сметка. Практично, трудот кој е во обем од 255 страници претставува прирачник за сите тие што работат на сметководствено-финансиски работи кај економско-правните субјекти. Авторката има вложено исклучително голем труд и знаење од областа на сметководствено–финансиската сфера.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на д-р Снежана Каракашева-Ангеловска, комисијата смета дека таа има постигнато забележителни резултати. Во своите трудови кандидатката покажува чувство за избор на актуелни сметководствено-финансиски теми.

Комисијата констатира дека кандидатката д-р Снежана Каракашева-Ангеловска ги исполнува условите според конкурсот. Таа има објавено повеќе научни и стручни трудови со кои го свртува вниманието на научната и стручната јавност во земјава.

Имајќи го предвид гореизнесеното, комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, согласно член 150 од Законот за високо образование, да ја избере д-р Снежана Каракашева-Ангеловска за наставник во насловно-научно звање доцент, во научната област сметководство.

**Рецензентска комисија:**

**проф. д-р Трајче Мицески, с.р.**

**доц. д-р Ристо Фотов, с.р.**

**доц. д-р Круме Николовски, с.р.**